**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА**

Бр. 25 – 4898/2
26. 05. 2011 година
С к о п ј е

Министерот за економија врз основа на член 205 став (1) од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 38/2005 и 110/2008) и член 21 став 3 и 7 од Законот за техничката инспекција (“Службен весник на Република Македонија” бр. 88/08, 119/10 и 36/11) , постапувајќи по барањето на правното лице „ЦЕНТАР ЗА ИСТРАЖУВАЊА, РАЗВОЈ И КОНТИНУИРАНО ОБРАЗОВАНИЕ“- ЦИРКО - Скопје бр. 25-4898/1 од 19.05.2011година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за исполнетост на условите за вршење на технички прегледи и периодични испитувања**

1. Се донесува Решение за правното лице „ЦЕНТАР ЗА ИСТРАЖУВАЊА, РАЗВОЈ И КОНТИНУИРАНО ОБРАЗОВАНИЕ“ – ЦИРКО - Скопје за исполнетост на условите за вршење на технички преглед и периодични испитувања на сите типови на жичари за превоз на лица и ски - лифтови согласно член 2 алинеја а) и алинеја б) од Правилникот за користење на жичари.

2. Правното лице од точка 1 на ова решение е должно постојано да ги исполнува условите од членовите 23 до 26 од Законот за техничката инспекција. Доколку правното лице престане да ги исполнува условите за вршење на технички преглед и периодични испитувања на техничката опрема, Државниот инспекторат за техничка инспекција е должен да го извести Министерството за економија веднаш, а најдоцна во рок од осум дена од денот на престанувањето на исполнувањето на условите.

3. Ова решение влегува во сила со денот на негово донесување.

**О б р а з л о ж е н и е**

Правното лице „ЦЕНТАР ЗА ИСТРАЖУВАЊА, РАЗВОЈ И КОНТИНУИРАНО ОБРАЗОВАНИЕ“ – ЦИРКО - Скопје до Министерството за економија – Државен инспекторат за техничка инспекција поднесе барање бр.18-968/1 од 17.05.2011 година, за донесување на решение за исполнетост на условите за вршење на технички преглед и периодични испитувања на сите типови на жичари за превоз на лица и ски - лифтови.

Државниот инспекторат за техничка инспекција со допис бр. 25 - 4898/1 од 19.05.2011 година го извести Министерството за економија дека правното лице „ЦЕНТАР ЗА ИСТРАЖУВАЊА, РАЗВОЈ И КОНТИНУИРАНО ОБРАЗОВАНИЕ“- ЦИРКО - Скопје, ги исполнува условите за вршење на прв, периодичен и вонреден

технички преглед на сите типови на жичари за превоз на лица и ски-лифтови, дефинирани во член 2 алинеја а) и алинеја б) од Правилникот за користење на жичари („Службен весник на Република Македонија“ бр.63/2010).

Врз основа на Известувањето бр.18–968/2 од 19.05.2011 година од Државниот инспекторат за техничка инспекција и доставените документи кон барањето:

- решение за упис во Централниот регистар на Република Македонија со бр. 0807-9/30368/1, со ЕМБС 5674115 и даночен број на субјектот 4030002454131;

- полиса за осигурување од професионална одговорност за вршење дејност бр. 130010001663 од Друштво за осигурување ЕУРОЛИНК осигурување АД Скопје;

- извештај за билансот на состојба и податоци од билансот на успех бр. 0904-10/4069 од 03.11.2010 година;

- список на опрема за инспекција на жичари и ски-лифтови;

- докази за вработениот стручен кадар;

- договори за учество во работа на Инспекциско тело склучени помеѓу нарачателот Центар за истражување, развој и континуирано образование – ЦИРКО од Скопје, застапуван од Управникот проф. д-р Звонимир Костиќ и вршители на работа;

- Сертификатот за акредитација за Инспекциско тело за опрема под притисок со Прилог за опсегот на акредитацијата Бр. ИТ – 027 од 16.05.2011 година, издаден од Институт за акредитација на Република Македонија,

се утврди дека се исполнети условите за донесување на ова РЕШЕНИЕ.

Поради напред наведеното се одлучи како во диспозитивот на Решението.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение незадоволната странка има право да поведе управен спор во рок од 8 дена, од денот на приемот на истото до Управниот суд на Република Македонија.

**МИНИСТЕР,**

**Фатмир Бесими**